**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТРАТЕГИЈА ЗА ДЕМОГРАФСКИ ПОЛИТИКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2015-2024 ГОДИНА

**Февруари, 2015**

**ПРЕДГОВОР**

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Фондот за население на Обединетите нации во Република Македонија во текот на 2013 и 2014 година презеде активности за ревизија на постојната „Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008-2015”, со претставници од сите релевантни институции, национални и меѓународни експерти со фокус на подрачја на делување и тоа: семејни политики, миграциски политики и политики за активно стареење и меѓугенерациска солидарност. Во рамките на процесот беше развиена Методологија за ревизија на постојната стратегија согласно со која беше спроведен и изготвен преглед на спроведувањето на мерките од „Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008-2015”. Во текот на процесот на ревизија беше подготвен Извештај за остварените досегашни резултати од истата и споделен со сите вклучени во самиот процес. Во текот на процесот се организирани работилници со основна цел прибирање и идентификување на предлози и иницијативи за развој на идните политики за демографски развој, јакнење на капацитетите и координацијата во областа на демографскиот развој со препорака за започнување на процес на подготовка на нова стратегија за демографски политики, која реално ќе се соочи со новите демографски трендови.

Во рамките на целокупниот процес се идентификувани приоритетите и препораките за подобрување на постојните демографски трендови, врз основа на кои е подготвен текстот на Стратегијата за демографски политики на Република Македонија 2015 – 2024.Во рамките на процесот на подготовка на овој стратешки документ, Министерството за труд и социјална политика, со техничка поддршка на меѓународниот партнер Фондот за население на Обединетите нации во Република Македонија, организираше и завршни работилници за финализирање на предлог приоритетите и политиките на делување. Во нацрт текстот на овој стратешки документ, со активно учество на сите релевантни институции, граѓански организации, како и целосна поддршка од домашната експертска јавност од страна на “Универзитетот Св. Кирил и Методиј” во Скопје носители на Стратегијата за семејство на Република Македонија подготвена во мај 2013 година, при што се земени во предвид нивните укажувања при идентификувањето на крајните стратешки цели и приоритети.

# С О Д Р Ж И Н А

| | |
|---|---|
| **Содржина** | **3** |
| **Вовед** | **4** |
| **1. ДЕМОГРАФСКА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **5** |
| **1.1 Демографски состојби и трендови** | **5** |
| **1.1.1 Големина, густина и територијална дистрибуција на населението** | **5** |
| **1.1.2 Старосна структура на населението** | **6** |
| **1.1.3 Стапки на наталитет** | **8** |
| **1.1.4 Стапки на морталитет** | **10** |
| **1.1.5 Миграциски движења** | **12** |
| **1.2. Фактори на влијание на демографските процеси** | **14** |
| **1.2.1. Економски фактори** | **14** |
| **1.2.2. Други фактори на влијание** | **16** |
| **2. ВИЗИЈА И МИСИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА** | **24** |
| **2.1 Визија на Стратегијата** | **24** |
| **2.2 Мисија на Стратегијата** | **24** |
| **2.3 Принципи на Стратегијата** | **24** |
| **3. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ПОЛИТИКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - Главна стратешка цел** | **25** |
| **3.2 Подрачја на делување** | **25** |
| **3.2.1 Семејни политики** | **25** |
| **3.2.2 Миграциски политики** | **30** |
| **3.2.3 Политики за активно стареење и меѓугенерациска солидарност** | **31** |
| **4. СПРОВЕДУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ДЕМОГРАФСКИ ПОЛИТИКИ** | **33** |
| **4.1. Спроведување и следење на Стратегијата** | **33** |

***ВОВЕД***

Демографскиот развој е клучен национален и социјален приоритет на секоја држава и се обликува според спецификите кои постојат кај населението. Демографскиот развој претпоставува обврска за сите носители на одлуки, активна и конзистентна политика и координирани напори на владните институции и граѓанското општество на сите нивоа за остварување на целите и развојот на населението. Во однос на основните демографски компоненти, Република Македонија не отстапува од трендовите со останатите земји во регионот и на светско ниво.

Актуелните демографски трендови со кои се соочува државата, се манифестираат во намалување на бројот на родени деца и на природниот прираст на населението, пораст на емиграцијата во странство, како и интензивирање на процесот на демографското страеење, кое резултира со зголемено учество на старите лица во вкупното население. Исто така, Република Македонија се соочува со изразена регионална нерамномерност во растот на населението, како и со изразени разлики помеѓу урбаните и руралните средини.

Стратегијата за демографски политики на Република Македонија, е основен документ со кој се идентификуваат приоритетните области и насоки за подобрување на постојните демографски трендови преку спроведување на долгорочни политики и подрачја на делување кои директно и индиректно влијаат на демографскиот развој во Република Македонија.

Оваа стратегија се однесува на целокупното население на Република Македонија и ги зема во предвид сите негови карактеристики и специфични потреби, кои во голема мера се поврзани со различните фази на човековиот живот.

Со оглед на комплексноста на демографските прашања и неопходноста тие да се набљудуваат во рамките на сеопфатните општествено-економски процеси во земјата, но и со стратешките определби кои произлегуваат од нашата меѓународна положба и аспирациите за членство во Европската унија, оваа стратегија е во согласност со клучните национални и меѓународни документи како и истражувања во областа на демографскиот развој.

Стратегијата за демографски политики е главен стратешки документ за развој на идните национални акциски планови за демографски политики, во кои ќе се дефинираат специфични мерки и активности за остварување на стратешките цели и насоки содржани во оваа стратегија. Области во кои ќе се делува за остварување на целите се: поддршка на младите лица за подобрување на нивниот статус во општеството преку програми на образование, личен и професионален развој,вработување, создавање предуслови за брак и семјство, подршка на семејствата во развојот и грижата за децата, усогласување на семејните обврски и работата, како и подобрување на сексуалното и репродуктивното здравје, планирање на семејството, меѓугенерациската солидарност и миграциските политики. За успешна имплементација на Стратегијата, покрај силната интерсекторска соработка,потребно е и активно учество на населението во одлуките кои влијаат врз нивната положба и преземање активности за поголемо информирање и интензивно медиумско вклучување на теми демографија за нивна целосна вклученост во третирање на демографијата како област.

Оваа стратегијата е подготвена со учество на сите надлежни институции, домашни експерти и претставници на граѓанскиот сектор, како и техничка и експертска поддршка од Фондот за население на Обединетите нации и целосна поддршка на сите активни уцесници во подготовката на истата.

# 1. ДЕМОГРАФСКА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1.1. Демографски трендови и состојби

### 1.1.1 Големина, густина и територјална дистрибуција на населението

Големината на населението претставува пресуден елемент што влијае врз долгорочната одржливост и тоа не само од биолошки аспект, туку и за планирањето на идниот раст и развој на секоја земја.

Во последните децении севкупните економски и социјални состојби и предизвици во Република Македонија, имаа директно влијание на севкупната демографската состојба и на бројот на населението, кое благодарејќи на се уште позитивниот природен прираст на годишно ниво бележи пораст, но со изразено намалено темпо.

Според проценката на населението, (состојба на 31.12.) 2013 година Република Македонија има 2.065.769 жители. Тоа е за 17.150 лица или за 0,8% повеќе во однос на 2008 година кога бројот на населението изнесува 2.048.619 жители, односно за 35.877 лица или за 1,8% повеќе од 2003 година со 2.029.892 жители.[1]

Процентуалното учество на жените и на мажите во вкупното население е речиси подеднакво, 49.9 % од населението се жени, а 50.1% се мажи.

**Графикон бр. 1: Старосно полова прирамида, 2013 година**




**Извор: ДЗС**

Според проекциите (средна варијанта) на Обединетите нации(ОН), се очекува трендот на зголемување на населението да продолжи до 2015 година и да изнесува 2.109.000 жители, односно 2.107.000 во 2020 година, а потоа континуирано да се намалува, во 2030 на 2.069.000, а во 2050 на 1.881.000 жители (или намалување за околу 10,8% во однос на 2015 година).[2]

Густината на населнието изнесува 80,3 жители на км², и ја сместува Република Македонија во релативно поволна состојба. Меѓутоа од аспект на територјалната дистрибуција на населението, вредностите се помалку поволни. Скопскиот регион е најгусто населен со 338 жители на км$^2$, каде живее 29,7% од вкупното население, по него следи Полошкиот регион со

[1] Државен завод за статистика на Република Македонија, Македонија во бројки, 2014

[2] United Nations, Department of Economic and Social Affairs, Population Division (2013). World Population Prospects: The 2012 Revision, стр.115.

131.6 жители на км$^2$, каде живее 15,4% од вкупното население.  Наспроти нив,  во Вардарскиот регион живее 7,4% од населението и е најретко населен со 38 жители на км$^2$ .

**Графикон бр. 2: Густина на населението на км² , во Република Македонија, 2001-2013**




**Извор: ДЗС**

### 1.1.2 Структурата на населението по возраст

Структурата на населението по возраст е еден од најважните аспекти на населението, кои влијаат врз  неговиот развој, но и врз можностите за вкупниот развој на населението. Во однос на старосната структура, населението во Република Македонија сѐ повеќе старее, т.е бројот на старото население е во пораст, но исто така и неговото учеството во вкупното население. Како резултат на овие процеси за помалку од шеесет години, македонското население прескокна дури три стадиуми на демографското стареење и денес се наоѓа во состојба на демографска старост.

Во периодот од 2008 до 2013 година, учеството на младото население (0-14 години) во вкупното население е намалено од 20.4 % на 16.9%, а учеството на старото население (65 и повеќе години) е зголемено од 10.7% на 12.4,%.[3] Република Македонија ја надминува границата од 12% на старо население и влегува во групата на земји кои демографски се карактеризираат како земји со старо население.

Според возрасната структура, Република Македонија е во релативно поволна ситуација само во однос на работноспособното население, (од 15 до 64 години) кое со учество од околу 70% е доминантно во однос на другите две возрасни групи

**Графикон бр. 3:  Население по групи на возраст во периодот  2003 – 2013 година**




Проекциите на ОН се дека во наредниот период старото население ќе се зголемува и тоа на 12,9% во 2015, 14,8% во 2020 година и 18,8% во 2030 година,[4] додека учеството на

[3] Државен завод за статистика на Република Македонија, Македонија во бројки, 2014, стр.12.
[4] United Nations, Department of Economic and Social Affairs, Population Division (2013). World Population Prospects: The 2012 Revision, стр.340-341.

работноспособното население континуирано ќе се намалува од 70,7% во 2015 година на 66,5% во 2030 година.[5]

**Графикон бр. 4: Проекции за структура на населението по возрасни групи, Република Македонија 2015-2050**




**Извор: World Population Prospects - The 2012 Revision**

Според проекциите на ОН, ваквиот тренд се очекува да потрае до 2030 година, со можност да се искористи овој демографски бонус. Неговото искористување ќе зависи од макроекономската политика која е предуслов за стабилна социјална и економска околина и одржливоста на развојните компоненти.

Потенцијалниот притисок, промените и проблемите што популацијата која старее може да ги направи, јасно се отсликуваат и преку вредностите на одделни демографски индикатори.Просечната возраст на населението бележи континуиран пораст и од 36,7 години во 2008 година( 35,9 за мажите и 37,5 зажените), во 2013 година изнесува 38,0 години, (37,1 години за мажите и 38,8 години за жените) и за период од пет години бележи пораст од 1.3 години. Имајќи ги предвид погоренаведените прогнози и во наредните години таа ќе се зголемува, како резултат на зголемувањето на учество на старото население. Стапката на старосната зависност, како сооднос помеѓу населението на возраст од 65 и повеќе и работоспособното население на возраст (15 - 65 ), во 2013 година изнесува 17.5%, што е под просекот на ЕУ (27.5 %), но во еден подолг временски период покажува мал но континуиран пораст и дава претстава на потенцијалниот однос меѓу корисниците на бенефициите(неселението на возраст 65 и повеќе) и оние кои ги создаваат(работоспособното население).

**Графикон бр.5: Стапка на старосна зависност**




Секако, дека возрасната структура на населението и проблемот на стареење во државата треба да се разгледува и пошироко. Од аспект на репродукцијата на населението и учеството на жените на репродуктивна возраст (од 15 до 49 години) во вкупното население кое денес претставува една четвртина од вкупното население, а очекувањата се дека тоа учество ќе продолжи да се намалува.

[5] United Nations, Department of Economic and Social Affairs, Population Division (2013). World Population Prospects: The 2012 Revision, стр.340-341.

Во областа на економијата, стареењето влијае врз економскиот раст, штедењето, инвестициите, производството, работната сила, пензиите, даноците и меѓугенерациските трансфери.

Во социјална смисла, стареењето влијае врз структурата на семејството и уредувањето на животот, побарувачката на домаќинството, миграциските трендови, епидемиологијата и здравствената заштита.

### 1.1.4 Стапка на наталитет

Промените во структурата на населението секогаш настануваат како резултат на директното влијание на природното (наталитет и морталитет) и механичкото (миграции) движење на населението.

Вредностите на **тоталната стапка на фертилитет (ТФР)** која се смета за хипотетски или можен фертилитет и го претставува бројот на живородени деца кои се очекува една жена да ги има во текот на нејзиниот репродуктивен период ( 15 - 49 години ), имаат постојан тренд на намалување. Во периодот 1990-1995 била 2,16 што е над ниво на проста репродукција на населението (2,1 живородени деца на една жена) и е значително помала во споредба со 2,87 во период од 1970-1975 година и 2,50 во период од 1980-1985 година.[6]

Денес, Република Македонија, се наоѓа на границата на таканаречена сигурна зона со ТФР над 1,5 (1,52 во 2009 и 1,56 во 2010 година), односно во зона на низок фертилитет со ТФР под 1,5 (1,46 во 2011 година и 1.48 во 2013 година).[7] Намалувањето на стапката на фертилитет доведува до стареење на популацијата.

**Графикон бр.6 : Тотална стапка на фертилитет во Република Македонија 1996-2013 година**




**Извор:ДЗС**

Природното движење на населението во Република Македонија, набљудувано преку бројот на живородените, умрените, природниот прираст, како и виталните стапки, се карактеризира со голема хетерогеност и регионални отстапувања.

**Табела бр. 1: Природно движење на населението, 2008-2013 година**

| Година | Население на средина на годината во илјади | Живородени | Умрени | Природен прираст | На 1000 жители | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | живо-родени | умрени | природен прираст |
| 2008 | 2 047 | 22 945 | 18 982 | 3 963 | 11.2 | 9.3 | 1.9 |
| 2009 | 2 051 | 23 684 | 19 060 | 4 624 | 11.5 | 9.3 | 2.3 |

[6] United Nations, Department of Economic and Social Affairs, Population Division (2013). World Population Prospects: The 2012 Revision, стр.220-221.
[7] Државен завод за статистика на Република Македонија, Македонија во бројки, 2013, стр.70.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 2 055 | 24 296 | 19 113 | 5 183 | 11.8 | 9.3 | 2.5 |
| 2011 | 2 059 | 22 770 | 19 465 | 3 305 | 11.1 | 9.5 | 1.6 |
| 2012 | 2 061 | 23 568 | 20 134 | 3 434 | 11.4 | 9.8 | 1.7 |
| 2013 | 2 064 | 23 138 | 19 208 | 3 930 | 11.2 | 9.3 | 1.9 |

**Извор:ДЗС**

Од аспект на регионите, негативниот предзнак во Вардарскиот, Пелагонискиот и Источниот регион е непроменет, но со намалени негативни вредности. Останатите региони, освен Југоисточниот регион, покажува намалување на природниот прираст на населението. Евидентиратните разлики по региони отвора теми за различност во поглед на одржливоста на регионите, како во поглед на населението, така и во економска и социјална смисла на зборот.

**Табела бр. 2: Стапки на живородени, умрени и природен прираст по региони во Република Македонија, 2013 година**

| На 000 население | Република Македониј а | Вардарски регион | Источен регион | Југозапад ен регион | Југоисточ ен регион | Пелагонис ки регион | Полошки регион | Североист очен регион | Скопски регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **живородени** | **11,2** | **10,4** | **8,6** | **9,6** | **11,1** | **9,7** | **11,5** | **11,4** | **13,2** |
| **умрени** | **9,3** | **10,9** | **10,4** | **8,8** | **9,8** | **12,2** | **7,4** | **9,0** | **8,6** |
| **природен прираст** | **1.9** | **-0.5** | **-1.7** | **0.8** | **1.3** | **-2.5** | **4.0** | **2.4** | **4.6** |

**Извор:ДЗС**

**Стапката на наталитет** се намалува од 13,7 живородени деца на илјада жители во 2002 година на 11,1 во 2007 година. Во 2012 година стапката на наталитет изнесува 11.4, а во 2013 година таа е 11.2.[8] Во 2013 година вкупно се родени 23.138 деца или за 546 помалку во однос на 2009 година.[9]

Намалувањето на стапката на наталитет се должи на таканаречениот темпо-ефект или **одложување на раѓањата и склучување на брак на повозрасни години**. Просечната возраст при склучување на прв брак на невестата е зголемена од 24.7 во 2008 на 25,8 години во 2013 година, додека просечната возраст на младоженецот бележи зголемување од 27.7 на 28,6 години. Просечната возраст на мајката при раѓање на првото дете се зголемила од 25.6 години во 2008 на , на 26,6 во 2013 година.[10 и 11]

**Табела бр.3:_Просечна возраст на склучување брак и општи стапки на склучени и разведени бракови во Република Македонија, 2008 - 2013 година**

| Година | Просечна возраст на младоженецот при склучување на прв брак | Просечна возраст на невестата при склучување на прв брак | Стапка на нупцијалитет (склучени бракови на 1000 жители) | Стапка на диворцијалитет ( разведени бракови на 1000 жители) |
|---|---|---|---|---|
| 2008 | 27.7 | 24.7 | 7.2 | 0.6 |

[8] Државен завод за статистика на Република Македонија, http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=2 (06.08.2014)

[9] Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички годишник на Република Македонија 2014, стр.79.

[10] Државен завод за статистика на Република Македонија, 20 години независна Македонија, 2011, стр.8.

[11] Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички годишник на Република Македонија, 2014, стр 83

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2009 | 28.0 | 25.0 | 7.3 | 0.6 |
| 2010 | 28.0 | 25.2 | 6.9 | 0.8 |
| 2011 | 28.3 | 25.4 | 7.2 | 0.9 |
| 2012 | 28.4 | 25.6 | 6.8 | 0.9 |
| 2013 | 28.6 | 25.8 | 6.8 | 1.0 |

**Извор: ДЗС**

Најголемиот број од живородени деца над 80% во последните пет години се родени во брак, од што може да се претпостави дека намалувањето на фертилитетот се должи на одложување на стапување во брак на повозрасни години.
Бројот на бракови во периодот 2008–2013 година бележи намалување од 14695 склучени бракови во 2008 година - на 13982 склучени бракови во 2013 година или за 4.9% , додека бројот на разводите во истиот период се зголемил од 1209 на 2045 разводи или за 69%.[12]

**Табела бр. 4: Склучени и раведени бракови и разведени бракови на 1000 склучени, 2008-2013 година**

| Година | Склучени бракови | Разведени бракови | Разведени бракови на 1000 склучени |
|---|---|---|---|
| 2008 | 14695 | 1209 | 82.3 |
| 2009 | 14923 | 1287 | 86.2 |
| 2010 | 14155 | 1720 | 121.5 |
| 2011 | 14736 | 1753 | 118.9 |
| 2012 | 13991 | 1926 | 137.7 |
| 2013 | 13982 | 2045 | 146.3 |

**Извор:ДЗС**

Постои континуиран тренд на **пораст на бројот на мајки на возраст 30-34 години** (21,7% во 2008, 22,7 во 2009 и 26% во 2013) и истовремено континуиран тренд на намалување на бројот на мајките на помлада возраст на 20-24 години (27,3% во 2008, 25,6 во 2009 и 22,2 во 2013) и на 25-29 години (36,1% во 2008, 35,9 во 2009 и 35,5% во 2013). Малолетничките породувања во однос на вкупниот број имаат тренд на намалување од 6,6% во 2008 година, 6,3% во 2009, на 5,0% во 2013 година.[13]

Според етничката припадност на мајката (за двете најголеми етнички групи во Република Македонија) постои намалување на учеството на Македонките (53,4% во 2008, 52,7 во 2009 и 49,9% во 2013) и зголемување на учеството на Албанките (31,9% во 2008, 31,5 во 2009 и 35,2% во 2013).[14]

### 1.1.4. Стапки на морталитет

Промените во старосната структура на населението има своја рефлексија и на бројот на умрени лица, што во периодот 2008 - 2013 година влијаеше на зголемување на општата стапка на морталитет од 9.3 умрени лица на илјада жители во 2008 на 9.5 во 2011 година, 9.8 во 2012, и 9.3 во 2013 година.

[12] Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички годишник на Република Македонија, 2014, стр. 83
[13] Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички годишник на Република Македонија, 2014 стр.73.
[14] Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички годишник на Република Македонија 2014, стр.81.

Смртноста кај мажите е повисока во однос на жените, додека просечната возраст на умрените лица има тенденција на зголемување на разликата помеѓу мажот и жената и во 2013 година изнесува 74.2 години кај жените и 69.9 години кај лицата од машки пол.

**Табела бр. 5: Умрени лица по пол и возраст 2008-2013 година**

| Умрени лица по пол | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| **Вкупно** | | **18.982** | **19. 060** | **19. 113** | **19. 465** | **20. 134** | **19. 208** |
| **Пол** | **машки** | **9972** | **10 040** | **10 168** | **10 204** | **10 523** | **10 136** |
| | **женски** | **9010** | **9 020** | **8 945** | **9 261** | **9 611** | **9 072** |
| **под 1 год** | **машки** | **126** | **162** | **104** | **95** | **123** | **129** |
| | **женски** | **97** | **116** | **81** | **77** | **107** | **108** |
| **1-4** | **машки** | **18** | **21** | **6** | **18** | **14** | **11** |
| | **женски** | **10** | **16** | **11** | **6** | **17** | **13** |
| **5-9** | **машки** | **6** | **17** | **11** | **10** | **7** | **11** |
| | **женски** | **9** | **6** | **7** | **5** | **1** | **6** |
| **10-14** | **машки** | **9** | **10** | **11** | **10** | **17** | **6** |
| | женски | 4 | 7 | 7 | 11 | 3 | 8 |
| **15-19** | **машки** | **33** | **41** | **37** | **28** | **29** | **28** |
| | **женски** | **20** | **16** | **17** | **15** | **16** | **17** |
| **20-24** | **машки** | **60** | **57** | **43** | **45** | **37** | **43** |
| | **женски** | **16** | **16** | **14** | **13** | **13** | **24** |
| **25-29** | **машки** | **66** | **56** | **53** | **37** | **56** | **70** |
| | **женски** | **30** | **18** | **18** | **23** | **26** | **35** |
| **30-34** | **машки** | **72** | **73** | **58** | **60** | **60** | **64** |
| | **женски** | **35** | **31** | **36** | **33** | **29** | **39** |
| **35-39** | **машки** | **101** | **92** | **104** | **110** | **85** | **77** |
| | **женски** | **50** | **64** | **54** | **52** | **49** | **58** |
| **40-44** | **машки** | **159** | **167** | **168** | **152** | **144** | **162** |
| | **женски** | **79** | **92** | **107** | **79** | **88** | **66** |
| **45-49** | **машки** | **313** | **327** | **313** | **304** | **296** | **277** |
| | **женски** | **159** | **166** | **146** | **151** | **184** | **145** |
| **50-54** | **машки** | **541** | **535** | **535** | **520** | **487** | **460** |
| | **женски** | **306** | **243** | **275** | **245** | **261** | **232** |
| **55-59** | **машки** | **700** | **782** | **773** | **752** | **788** | **783** |
| | **женски** | **428** | **428** | **398** | **419** | **409** | **375** |
| **60-64** | **машки** | **855** | **865** | **916** | **971** | **994** | **1 031** |
| | **женски** | **507** | **510** | **551** | **553** | **584** | **559** |
| **65-69** | **машки** | **1186** | **1 191** | **1 135** | **1 127** | **1 090** | **1 030** |
| | **женски** | **837** | **808** | **752** | **790** | **744** | **750** |
| **70-74** | **машки** | **1605** | **1 527** | **1 456** | **1 474** | **1 411** | **1 390** |
| | **женски** | **1367** | **1 313** | **1 265** | **1 274** | **1 243** | **1 154** |
| **75-79** | **машки** | **1740** | **1 736** | **1 792** | **1 767** | **1 912** | **1 745** |
| | **женски** | **1822** | **1 852** | **1 818** | **1 880** | **1 968** | **1 779** |
| **80-84** | **машки** | **1327** | **1 291** | **1 505** | **1 575** | **1 639** | **1 522** |
| | **женски** | **1767** | **1 768** | **1 824** | **1 911** | **1 984** | **1 932** |
| **>85** | **машки** | **1055** | **1 090** | **1 148** | **1 149** | **1 334** | **1 297** |
| | **женски** | **1467** | **1 550** | **1 563** | **1 724** | **1 885** | **1 772** |
| **Непознато** | **машки** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| | **женски** | **-** | **-** | **1** | **-** | **-** | **-** |

**Извор ДЗС**

Очекуваното траење на животот при раѓањето покажува благо зголемување. За периодот од 2006 до 2008 се очекувало македонските граѓани да живеат 74,00 години (71,95 мажите и 76,14 жените) а за периодот од 2011– 2013, 75,13 години (- 73,15 за мажи и - 77, 16 за жени).

**Графикон бр. 7: Очекувано траење на животот во Република Македонија**




Како најзастапени причини за смрт се: болестите на циркулаторниот систем кои учествуваат со 57. 8 % и неоплазмите со 19.0 %.

**Графикон бр. 8: Умрени според причини на смрт , 2013 - структура**




### 1.1.4 Миграциски трендови

Република Македонија има карактер на миграционо подрачје, карактеризирано со интензивни внатрешни поместувања на населението, така и со континуиран процес на иселување на населението во други држави. Во однос на *внатрешните миграции,* оценките се дека тие опстојуваат со различен интензитет во различни временски периоди.

Во 2013 година, во рамките на Република Македонија, внатрешно мигрирале 6.475 граѓани, а најчестата причина за миграцијата е поради склучување брак (53.3%), а според возраста најмногу или 51,3% се на возраст од 15-29 години Од други држави се доселиле 490 граѓани, а

од Македонија се отселиле 945, или за 455 граѓани повеќе ја напуштиле државата, отколку што се населиле во државата.[15]

**Графикон бр. 9: Внатрешни миграции ( доселени - отселени ) граѓани во Република Македонија според причини за преселување и возраст - структура**




**Извор: ДЗС**

На територијата на Република Македонија во 2013 година, најголемо позитивно миграционо салдо има Скопскиот регион, а најголемо негативно миграционо салдо има Југозападниот регион.

Водењето на статистичка евиденција за надворешната миграција (особено емиграцијата) е оскудна. Според постоечките анализи, базирани на официјалните пописни податоци, намалувањето на населението заради меѓународните миграции е мало.

Сепак, во поглед на надворешните миграции, Република Македонија, има долга историја во однос на иселувањата во странство, кои се карактеризираат со различен обем и структурни белези, а со тоа имаа и различно влијание врз развојот на населението во земјата. Статистичките податоци на национално ниво за обемот на емиграциите во странство, не ја одразуваат реалната состојба и проценката за македонската емиграција единствено може да се направи преку странските извори на податоци од меѓунаеродните институции и земјите на прием. Во последните години, евидентен е порастот на бројот на лицата кои привремено престојуваат во странство. Во недостиг на целосни и релеватни податоци, врз основа на повеќе индикатори, може да се забележи порастот на привремената емиграција поради вработување во странство, семејни причини, школување или по други основи.

Согласно со официјалните статистички податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија, ако се земе предвид и доселувањето и отселувањето на странци, во 2013 година, вкупно 1,941 лица се доселиле во Република Македонија и 96 се отселиле, со што има позитивно миграциско салдо од 1.390 лица.[16]

**Табела бр. 6: Внатрешни и надворешни миграции по години 2008-2013 година**

[15] Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички годишник на Република Македонија 2014, стр.102-103.
[16] Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички годишник на Република Македонија 2014, стр.118. Универзитет Св."Кирил И Методиј" во Скопје, Стратегија за семејство на Република Македонија(2013)

| Внатрешни и надворшни миграции по години | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Внатрешни миграции | 8 964 | 7 785 | 7 276 | 7612 | 8334 | 7 915 |
| Надворешни миграции | | | | | | |
| Доселени | 1609 | 1 857 | 2 715 | 3 211 | 3 787 | 3 991 |
| Отселени | 751 | 792 | 1 007 | 1 290 | 1 415 | 1 041 |
| Миграциско салдо | 858 | 1 065 | 1 708 | 1 921 | 2 372 | 2 950 |

Препознавајќи ја сериозноста на овој проблем, државата усвои неколку значајни документи. Станува збор за **Резолуцијата за миграциската политика на Република Македонија 2015-2020 година**, како и Акцискиот план за миграциската политика на Република Македонија 2015—2020 година, во кои се идентификувани начелата и принципите на миграциската политика на Република Македонија и насоките и целите на миграциската политика, согласно со определбата за концепирање на сеопфатна и конзистентна политика во однос на сите аспекти на миграциските процеси.
Во насока на рано детектирање на миграциските намери на граѓаните на Република Македонија, неопходно е постојано да се следи миграцискиот потенцијал на населението - вкупно и на ниво на региони, а со цел соодветно да се насочат мерките и активностите во оваа област. За таа цел, неопходно е да се усвои методологија врз основа на која ќе се проценува миграцискиот потенцијал на земјата.

Намалувањето на обемот или на потенцијалите на емиграциските движења, е можен со намалување на интензитетот на влијание на пуш факторите. Во таа смисла, потребни се заеднички напори на многу институции и сеопфатен пристап кон подобрување на статусот на младите во општетсвото, квалитетот на нивниот живот, пред и сé преку остварување на можностите за нивно вработување.

### 1.2 Фактори на влијание на демографските процеси

#### 1.2.1. Економски фактори

Република Македонија во изминатиот период бележи позитивни резултати во подобрувањето на економските состојби. Зголемувањето на економската активност и зголемувањето на бројот на работни места, остануваат главни цели во политиката за зголемување на животниот стандард на населението и за создавање на подобри социјални и економски услови, кои би го охрабриле раѓањето и одгледувањето на деца.

**Реалната стапка на раст на Бруто домашниот производ (БДП)** во периодот 2004-2008 година имаше просечна стапка од 5,3%. Овој тренд е прекинат со глобалната економска рецесија и во 2009 година е -0,4%, по што следи позитивен раст од 3,4% и 2,3% во 2010 и 2011 година, а во 2013 година растот изнесува 2,7%. Проекциите за 2014 се дека БДП ќе има раст до 3,7%.

**Табела бр. 7: Основни податоци за бруто - домашниот производ 2008-2013 година**

**Бруто-домашен производ, 2000-2013**

| | БДП во тековни цени (во милиони денари) | БДП по жител во евра (по тековен курс) | БДП во милиони евра (по тековен курс) | Стапки на реален раст на БДП во % | БДП дефлатор |
|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 414 890 | 3 308 | 6 772 | 5,5 | 105,5 |
| 2009 | 414 622 | 3 300 | 6 767 | -0,4 | 100,3 |
| 2010 | 437 296 | 3 459 | 7 109 | 3,4 | 102,0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2011 | 464 187 | 3 665 | 7 544 | 2,3 | 103,7 |
| 2012 | 466 703 | 3 680 | 7 585 | -0,5 | 101,0 |
| 2013[2)] | 499 559 | 3 930 | 8 112 | 2,7 | 104,3 |

**Извор: ДЗС**

Инфлацијата, мерена преку трошоците на живот во просек на годишно ниво, во 2006 година изнесуваше 3,2%, во 2008 година достигна 8,3%, во 2012 година 3,3%, додека инфлацијата во 2013 е 2,8% и во 2014 година е -0,3%.“

**Стапката на невработеност** е еден од најсуштинските проблеми на македонското општество, кој неминовно негативно влијае на демографскиот развој. Невработеноста бележи умерен тренд на намалување и во 2012 година стапката на невработеност изнесува 31%, во 2013 година, 29,0%, а во третото тримесечје од 2014 година стапката на невработеност бележи намалување и изнесува 27,9 %. Највисока стапка на невработеност има возрасната група 15-24 која во 2011 изнесувала 55,3 %. во 2012 53,9%, а во 2013 51.9%[17] а во III тримесечје од 2014 година, изнесува 52, 0 %.

**Графикон бр. 10:**




**Извор:ДЗС**

Во последните три години од овој период, речиси на исто ниво е стапката на активното население, односно 56.8 во 2011 година, 56.5 во 2012 година и 57.2 во 2013 година. Највисока стапка на вработеност од 40.6 е забележана во 2013 година, а најниска стапка на невработеност од 29.0 е забележана, исто така, во 2013 година. Во вкупниот број на вработени лица во 2003 и 2008 година, најголемо е учеството на возрасната група од 40 до 44 години, а во 2013 година, најголемо е учеството на возрасната група од 30 до 34 години. Стапката на вработеност кај овие возрасни групи во 2003 година изнесува 59.0, во 2008 година 58.8, додека во 2013 година стапката на вработеност изнесува 59.4.

**Табела бр. 8: Вкупен број на невработени и стапка на невработеност 2003-2013 година**

| | 2003 | 2008 | 2013 |
|---|---|---|---|

[17] Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички годишник на Република Македонија 2014, стр. 275 и 278

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Невработени** | **315 868** | **310 409** | **277 219** |
| Мажи | 191 850 | 188 222 | 166 294 |
| Жени | 124 018 | 122 187 | 110 925 |
| **Стапка на невработеност** | **36.7** | **33.8** | **29.0** |
| Мажи | 37.0 | 33.5 | 29.0 |
| Жени | 36.3 | 34.2 | 29.0 |

**Извор: ДЗС**

Стапката на невработеност на мажите и на жените е приближно иста, додека кај вработените има значително поголема стапка на вработеност на мажите во однос на жените. Стапката на вработеност на мажите во 2013 година е 48,7% и е значително повисока од таа на жените 32,5%.[18] Општата стапка на вработеност е во постојан благ пораст, па така во 2013 година изнесувала 40,9%, а во III тримесечје од 2014 година, општата стапка на вработеност изнесува 41,3%[19].

Во текот на 2013 година**,** стапката на вработеност на лица на возраст од 20 до 64 години достигнува 50.3% што претставува зголемување од 2.1% во однос на претходната година. Состојбата на пазарот на трудот оди во прилог на мажите кои полесно доаѓаат до работа, а во 2013 година стапката на вработени мажи е зголемена за 2.2%. Во 2013 година, зголемување на вработеноста од 2.0% е забележано и кај жените, но сепак, стапката на вработеност (40.7%) укажува на ограничен пристап на жените на пазарот на трудот, во однос на мажите.[20]

Во Република Македонија, во 2013 година, стапката на вработеност на лицата со терцијарно образование, иако највисока, е намалена за 0.5% во однос на 2012 година. Стапката на вработени со средно образование, кое се смета за минимално ниво неопходно за успешно вклучување во општествените текови, бележи пораст од 2.7%. Иако најниска стапката на вработеност на лицата што имаат завршено најмногу основно образование е зголемена за 3.1%.[21]

Интересно прашање е дали ниското учество во работната сила на жените на репродуктивна возраст ќе придонесува позитивно или негативно за нивото на фертилитет во земјата. Ако ефектот е позитивен, може да се очекува понатамошно намалување на фертилитетот со влегувањето на повеќе жени во работната сила. Априори, тешко е да се знае каков ќе биде ефектот. Временскиот ефект би сугерирал дека колку што жените трошат повеќе време на економска дејност, толку нивната расположивост за грижа околу децата може да се намалува. Од друга страна, ефектот врз приходот би сугерирал дека колку што семејствата имаат повеќе средства и поголема економска стабилност поради вработеноста на жените, толку им е полесно да инвестираат во уште едно дете. Во конкретните околности на Република Македонија, втората можност се чини поверојатна.Индексот на сиромаштија не е пресметан според региони, но доколку се следи со еден од индикаторите по кои се мери индексот на сиромаштијата, а тоа е невработеноста, во 2013 година највисока невработеност има во Североисточниот (44,9%) и Југозападниот (36,7%) регион, а најниска во Југоисточниот регион (18,8%). Во регионите со највисока невработеност, невработеноста во руралните средини е значително повисока од урбаниот дел.[22]

Економскиот раст и намалувањето на невработеноста, позитивно ќе влијае на демографските трендови, развојот на семејството, раѓањето и одгледувањето на децата.

---

[18] Државен завод за статистика на Република Македонија, Македонија во бројки, 2014, стр.33.
[19] Државен завод за статистика на Република Македонија, Клучни показатели од областа: пазар на труд, http://www.stat.gov.mk/IndikatoriTS.aspx?id=14 (21.08.2014)
[20] Државен завод за статистика на Република Македонија, Одржлив развој, 2014, стр. 35.
[21] Државен завод за статистика на Република Македонија, Одржлив развој, 2014, стр. 37.

### 1.2.2. Други фактори на влијание

Примарната здравствена заштита, жените ја спроведуваат кај матичните гинеколози и во 2013 година работеле вкупно 135 лекари или 1 лекар на 3800 жени во репродуктивниот период

**Основната здравствена заштита на децата** се одвива на примарно ниво кај избраните матични лекари. Превентивната здравствена заштита ( вакцинации и сиситематски прегледи се одвиваат во службите за имунизација). Опфатот со вакцинацијата за сите вакцини изнесува просечно над 95%,освен за ХПВ вакцината каде опфатот е 55%. Превентивната здравствена заштита кај предучилишните деца ја спроведуваат вкупно 145 лекари кои даваат здравствени услуги на 160686 деца на возраст 0-6 години.
**Перинаталната смртност** претставува важен индикатор за квалитетот на антенаталната заштита и здравјето на мајката, како и квалитетот на акушерската здравствена заштита и заштитата на новороденото после породувањето. Во 2009 година во Република Македонија, се регистрирани вкупно 226 мртвородени деца и 167 умрени новородени деца на возраст 0-6 дена, со што е достигната стапка на перинатална смртност од 16,4 на 1000 живородени деца. Стапката на перинатална смртност бележи тренд на намалување и во 2013 година изнесува 14,4 на 1000 живородени деца. Во 2013 година се регистрирни 196 мртвородени деца и 139 умрени новородени деца на возраст 0-6 дена.[23]

**Табела бр. 9: Перинатална смртност 2003-2013 година**

| | Перинатална смртност / 1000 родени | Умрени доенчиња / 1000 живородени |
|---|---|---|
| 2003 | 17.3 | 12,8 |
| 2004 | 18.2 | 13,2 |
| 2005 | 16.7 | 12,8 |
| 2006 | 15.2 | 11.5 |
| 2007 | 15.3 | 10.3 |
| 2008 | 14.6 | 9.7 |
| 2009 | 16.4 | 11.7 |
| 2010 | 12.6 | 7.6 |
| 2011 | 12.3 | 7.6 |
| 2012 | 12.8 | 9.8 |
| 2013 | 14.4 | 10.2 |

**Извор: ДЗС**

**Доенечката смртност** е важен индикатор на социо-економските и културолошките состојби кои влијаат врз здравјето, како и индикатор на организацискиот и технолошкиот напредок на здравствената заштита.

Во Република Македонија, стапката на смртност кај доенчињата во споредба со 2008 година кога изнесуваше 9,7 на 1000 живородени бележи постојан пад до 7,-6 на 1000 живородени се до 2011 година. Во 2012 година изнесува 9,8 на 1000 живородени, а во 2013 година изнесува 10,2 на 1000 живородени.[24]

Бројот на мртвородени деца во последните 5 години е во континуиран пад, од 226 во 2009 година на 196 во 2013 година.[25] Сепак стапката на доенечката смртност покажува тренд на опаѓање во последните 13 години.

---

[24] Државен завод за статистика на Република Македонија, клучни показатели од обласа население, http://www.stat.gov.mk/IndikatoriTS.aspx?id=2 (21.08.2014)
[25] Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички годишник на Република Македонија 2014, стр.80.

**Графикон бр. 11: Стапка на доеничка смртност на 1000 живородени во Р.М, 2006-2013 година**




**Извор: Завод за мајки и деца – извештај за 2013 година**

Основни карактеристики на смртноста на доенчињата во Р.Македонија се :

- Социодемографски разлики на мајката
- разлики во образовната структура на мајката
- возраста на мајката
- доминанти перинатални причини за смрт ( ниска родилна тежина, предвремено породување, инфекции, конгенитални малформации).
- учеството на неонатална смртност ( 0-29 дена) е значително поголема во структурата на вкупната доенечка смртност. 78% од доенчињата умираат во првиот месец од животот, што е значително поголема во вкупната структура на доенечка смртност.

**Табела бр. 10: Умрени доенчиња по возраст 2008-2013 година**

| **Умрени доенчиња според возраста** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| **Вкупно** | **223** | **278** | **185** | **172** | **230** | **237** |
| До 30 дена | 171 | 221 | 137 | 115 | 187 | 184 |
| 0-6 дена | 117 | 167 | 98 | 81 | 119 | 139 |
| До 24 часа | 47 | 74 | 34 | 30 | 46 | 60 |
| 1 ден | 32 | 37 | 25 | 21 | 14 | 30 |
| 2 дена | 14 | 18 | 14 | 15 | 21 | 18 |
| 3 дена | 11 | 9 | 11 | 6 | 17 | 10 |
| 4 дена | 5 | 9 | 6 | 2 | 7 | 8 |
| 5 дена | 7 | 9 | 3 | 3 | 9 | 9 |
| 6 дена | 1 | 11 | 5 | 4 | 5 | 4 |
| 7-13 дена | 23 | 31 | 17 | 15 | 20 | 18 |
| 14-20 дена | 17 | 12 | 11 | 8 | 24 | 13 |
| 21-27 дена | 11 | 9 | 8 | 9 | 22 | 9 |
| 28-29 дена | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 5 |
| 1 месец | 19 | 22 | 14 | 24 | 18 | 17 |
| 2 месеца | 5 | 9 | 10 | 13 | 7 | 11 |
| 3 месеци | 7 | 6 | 3 | 6 | 4 | 8 |
| 4 месеци | 4 | 3 | 3 | 1 | 3 | 3 |
| 5 месеци | 3 | 2 | 3 | 3 | 4 | 6 |
| 6 месеци | - | 4 | 3 | 3 | - | 1 |
| 7 месеци | 2 | 2 | 5 | 2 | 2 | 1 |
| 8 месеци | 6 | 3 | 4 | - | 3 | 2 |
| 9 месеци | 3 | 3 | - | 2 | - | 1 |
| 10 месеци | 1 | 2 | - | 2 | 2 | 1 |
| 11 месеци | 2 | 1 | 3 | 1 | - | 2 |

**Извор: ДЗС**

Една од главните детерминанти на висината на доенечката смртност е образованието на мајката. Во 2013 година највисока стапка на смртност е забележана кај мајките без обрзаование или со непотполно основно обрзаование (16,4‰), додека најниска стапка и понатаму се одржува кај мајките со високо обрзаование.

Исто така, анализата на стапката на доенечкта смртност според возраста на мајката на умреното доенче, покажува позитивна корелација (со пораст на возраста се зголемува и стапката). Стапката на смртноста на доенчињата прогресивно расте со возраста на мајката. Најниска стапка има кај мајките на возрсат од 20-29 години, а највисока кај мајките над 40 години.Кај адолесцентките мајки (од 15-19 години), стапката е поголема во однос на мајките од 20-29 години.

**Графикон бр. 12: Стапка на смрност на доенчиња според возраста на мајката во 2013 година**




**Извор:Завод за мајки и деца – Извештај за 2013 година**

Стапката на смртност кај децата под 5 години, означува колкава е можноста да се преживее од раѓањето до навршувањето на петтата година од животот. Овој показател е особено важен за развојот и добросостојбата на децата. Во 2006 година стапката на смртност под 5 години во Република Македонија, изнесуваше 12,5 на 1000 живородени, која се намалува на 8,7 во 2010 година и 8,0 , а во 2013 година, се зголемува на 11,1.[26] Проекциите на ОН се дека во наредниот период вредностите на оваа стапка континуирано ќе се намалуваат.[27]

Бројот на мртвородени деца во последните 5 години е во континуиран пад, од 226 во 2009 година на 196 во 2013 година.[28]

Еден од индикаторите за унапредувањето на репродуктивното здравје е стапката на **употреба на модерни средства за контрацепција** Во 2013 година, регистриран е зголемен број на ординирани контрацептивни средства (од 3.912 во 2012 год. на 4.348 во 2013 год.)

[26] Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички годишник на Република Македонија 2014, стр.99.

[27] United Nations, Department of Economic and Social Affairs, Population Division (2013). World Population Prospects: The 2012 Revision, стр.312-313.

[28] Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички годишник на Република Македонија 2014, стр.80.

Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и во 2013 година продолжува со континуитетот на мерките и активностите кои обезбедуваат висок опфат и еднаков пристап на сите деца и жени во репродуктивниот период со примарна здравствена заштита, како и мерки насочени кон унапредување на безбедно мајчинство[29]

Во 2008 година, регистрирани се вкупно 13.331 посети за совети за планирање на семејството во примарната здравствена заштита, во 2009 година регистрирани се вкупно 8.293, во 2010 година 11.047, во 2011 година 8.019, во 2012 година вкупно 5.858, а во 2013 година (4610) посети кај матичните гинеколози за совети за планирање на семејството.

Бројот на регистрирани абортуси бележи опаѓање и во 2013 година изнесуваше 4983 или споредбено со 5858 во 2012 година, или со 13.331 во 2008 година.

Во 2013 година се регистрирани вкупно 99813 прегледи на бремени жени, во однос на 2012 година кога се прегледани 107.419 бремени жени. Со антенатална заштита во првиот триместар од бременоста биле опфатени 7.660 жени, а во 2012 година 9.427 бремени жени. Истото укажува на потребата од поголема информираност на бремените жени за важноста од антеналните прегледи за нивното здравје и здравјето на детето, како и зголемени промотивни активности и кампања за мотивирање на бремените жени за истите за време на првиот семестар од бременоста.
Во истата година, регистрирани се вкупно 18.291 патронажни посети на бремени жени и офатени се околу 53% од бремените жени со просек од 1.6 посети по бремена жена.

Патронажната служба спроведува и патронажни посети во домот на родилката по напуштање на продилиштето. Во 2013 година со патронажни посети опфатени се 92% од родилките и регистрирани се вкупно 54.664 патронажни посети кај леунки или во просек 2,8 посети по леунка.
Во системот на социјална заштита постојат различни мерки насочени кон заштита на жената во текот на бременоста и мајчинството, како и грижа за новороденчето веднаш по породувањето. Со задолжителното здравствено осигурување, се обезбедуваат здравствени услуги и парични надоместоци и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.
Сите права во врска со породилното отсуство се уредуваат со Законот за работните односи, како права од работниот однос, а само висината на правото на надоместок за време на породилното отсуство се уредува со Законот за здравственото осигурување. Согласно со наведеното, отсуството од работа поради бременост, раѓање и родителство е период на платено отсуство од работа поради нега и одгледување на новородено дете.
Заради поголема материјална заштита на мајките кои се во работен однос, во овие случаи изнесува 100% од основицата на надоместокот на плата.
Согласно со Законот за здравственото осигурување, правото на надоместок на плата за време на бременост, раѓање и мајчинство се остварува ако:

1) здравственото осигурување траело најмалку шест месеци непрекинато пред настапување на случајот,
2) придонесот за задолжителното здравствено осигурување редовно да е уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена и
3) оцената за привремена спреченост за работа ја дал избраниот лекар, односно лекарската комисија.

Во Република Македонија, според Законот за работните односи, е утврдено правото на платено одсуство од работа во траење од девет месеци непрекинато, а за повеќе родени деца одеднаш

(близнаци, тројка и повеќе) во времетраење од една година, и кое врз основа на наод од надлежниот здравствен орган, може да се започне 45 дена пред раѓањето, а задолжително 28 дена пред раѓањето. Користењето на породилното отсуство е по избор и мајката може да го прекине и пред истекот на предвидениот рок, но не и пред 45 дена од раѓањето на детето. Таткото, односно посвоителот на детето, може да користи право на отсуство од работа за родителство, доколку тоа право не го користи мајката на детето.

---

[29] Завод за здравствена заштита на мајки и деца, Информација за здравјето на мајките и децата во Република Македонија во 2013 година, стр.23

Исто така, согласно со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството и во Општиот колективен договор за јавниот сектор, таткото има право на платен одмор заради раѓање или посвојување на дете, во траење од два дена.[30] Во Законот за работните односи, утврдено е и правото на неплатено отсуство кое мајкатата која е во работен однос може да го користи по завршување на отсуството од работа поради бременост, раѓање и родителство. Правото на неплатено отсуство заради грижа за детето, може да се користи до три месеци во периодот до навршување на тригодишна возраст на детето, во најмногу три дела.

Паричните надоместоци, согласно со Законот за заштита на децата се остваруваат како право на детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и родителски додаток за дете и истите имаат за цел преку обезбедувањето на материјална помош на родителите да им помогнат за издржување, подигање, грижа и заштита на детето.

Една од мерките на Владата на Република Македонија за стимулирање на порастот на населението, е субвенцијата за третородено дете, којашто настапи во јануари 2009 година. Проценет ефект од воведувањето на родителскиот додаток е дека придонел за зголемување на бројот на раѓања во земјата за околу 2.500 во текот на тригодишен период, т.е. 800-900 раѓања годишно, што ја зголемило вкупната стапка на фертилитет во земјата во периодот 2009-2011 година, за приближно 0,05 или 0,06 поени.[31]

Законот за заштита на децата ги дефинира облиците на заштита на децата и тоа згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, одмор и рекреација на деца и други облици на заштита. Згрижувањето и воспитувањето на децата од предучилишна возраст, е облик на заштита на деца што го сочинуваат сите правни и физички лица на територија на Република Македонија, чија основна дејност е вршење работи поврзани со згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.

Под правни лица се подразбираат-детски градинки, центри за ран детски развој и агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст. Правните лица (детски градинки, центри за ран детски развој), можат да бидат организирани како јавни и приватни установи за деца.

Под физички лица се подразбираат физички лица кои вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст како професионална дејност.

**Табела бр.11: Установи и објекти за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст (0-6 години)**

| **Установи и објекти за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| година | Јавни установи | | Приватни установи | | Вкупно | |
| | установи | објекти | установи | објекти | установи | објекти |
| 2008 | 51 | 187 | нема | | 51 | 187 |
| 2009 | 52 | 188 | нема | - | 52 | 188 |
| 2010 | 52 | 193 | нема | - | 52 | 193 |
| 2011 | 54 | 193 | 3 | 3 | 57 | 196 |
| 2012 | 54 | 195 | 3 | 3 | 57 | 198 |
| 2013 | 56 | 207 | 6 | 6 | 63 | 213 |
| 2014 | 59 | 220 | 17 | 18 | 76 | 238 |

[30] Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството и во Општ колективен договор за јавниот сектор
[31] Ralph Hakkert, PDB/TD UNFPA, Труд со ставови за демографската состојба во Република Македонија, Скопје, 2013.

**Извор: МТСП**

Во изминатиот период, Владата на РМ, посветува особено внимание на отворање на детски градинки (групи во други просторни услови) во рурални средини, како и подобрување на условите за отворање на приватни детски градинки и центри за ран детски развој.

Врз основа на новите стандарди и нормативи за вршење на дејноста на установите за згрижување и воспитување на деца, се овозможи отворање на детски градинки/центри за ран детски развој и групи во други просторни услови во рурални и маргинализирани средини. Во периот од 2008 - 2014 година, се отворени 8 јавни установи од кои 3 се во урбани средини, 4 во рурални и 1 во маргинализирана средина. Исто така и бројот на приватни установи за деца од 3 во 2011 година е зголемен на 17 во 2014 година. Зголемен е и бројот на објекти на постојните јавни установи за деца во руралните средините во однос на 2008 година (13 објекти во рурални средини и 14 објекти во други просторни услови), во 2014 година работат 27 објекти во рурални средини и 24 објекти во други просторни услови, два од објектите што работат во рурални средини се објекти на јавните установи за деца детски градинки, како објект - центри за ран детски развој. Во 2014 година, вкупниот број на објекти за згрижување и воспитание на деца изнесува 238 од кои јавните установи располагаат со 220 објекти, а 18 објекти се приватни установи за деца, што претставува зголемување за 51 објекти во однос на 2008 година кога вкупниот бројот на објекти изнесуваше 187.

**Табела бр. 12: Објекти за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст (0-6 години) во рурални,урбани и др.просторни услови**

| **Објекти на детски градинки во рурални,урбани и др.просторни услови** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| година | Во урбани средина | | Во рурална средина | | Др.просторни услови | | Вкупно |
| | јавни | приватни | јавни | приватни | јавни | приватни | |
| 2008 | 160 | - | 13 | | 14 | | 187 |
| 2009 | 160 | - | 14 | - | 14 | - | 188 |
| 2010 | 163 | - | 14 | - | 16 | - | 193 |
| 2011 | 163 | 3 | 15 | - | 15 | - | 196 |
| 2012 | 164 | 3 | 15 | - | 16 | - | 198 |
| 2013 | 165 | 6 | 22 | - | 20 | - | 213 |
| 2014 | 169 | 18 | 27 | - | 24 | - | 238 |

**Извор: МТСП**

Со мрежата на јавни и приватни установи за деца во 2014 година, се опфатени 24% од генерациите од 0 до 6 годишна возраст или 34.207 деца, што преставува зголемување на опфатот на деца во установите за деца за 53% во однос на 2008 година кога биле опфатени 22.343 деца. Иако постои зголемување на опфатот на деца во установите, сепак може да се заклучи дека опфатот на деца со рано учење и развој во детските установи од вкупната бројка на деца 0-6 годишна возраст е се уште мал.

**Табела бр. 13: Опфат на деца во предучилишни установи 2008-2014 година**

| Опфатени деца во предучилишни установи | | | |
|---|---|---|---|
| година | Јавни установи | Приватни установи | Вкупно |
| 2008 | 22.343 | - | 22.343 |
| 2009 | 22.832 | - | 22.832 |
| 2010 | 23.083 | - | 23.083 |
| 2011 | 25.527 | 152 | 25.679 |
| 2012 | 27.308 | 152 | 27.460 |
| 2013 | 29.752 | 437 | 30.189 |
| 2014 | 33.329 | 878 | 34.207 |

**Извор: МТСП**

Одморот и рекреацијата на децата е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за престој, активен одмор, социјализација на децата, воспитно - образовни, културно - забавни, спортско - рекреативни и други активности со децата за развивање на психомоторниот развој на децата и способност за договарање, почитување на разликите и соработка во групи, способност за прифаќање на себеси и другите и ориејентација во просторот.

Состојбите во областа на образованието, се разликуваат во зависност од степенот на образованието.

Така, во основното образование, од година во година се намалува бројот на влезната генерација во основното образование, како и вкупниот број на ученици.

Бројот на запишани ученици во основно образование во учебната 2012/2013 година е помал за 17.9 % во споредба со 2002/2003 година. Состојбата со запишани ученици во средното образование, исто така, се намалува.

Бројот на запишани ученици во средното образование, во учебната 2012/2013 година, во споредба со 2002/2003 година, е намален за 5.7%.

За разлика од основното и средното образование, состојбите се подобри во високото образование каде што опфатот на запишани студенти се зголемува.

Бројот на запишани студенти во 2012/2013 година е зголемен за 24.7% во споредба со 2002/2003 година.

**Табела бр. 14: Основни податоци за образованието во Република Македонија**

**Основни податоци за образованието**

| | 2002/2003 | 2007/2008 | 2012/2013 |
|---|---|---|---|
| **Основно образование** | | | |
| Број на основни училишта[1)] | 1 074 | 1 060 | 1 046 |
| Ученици во основното образование | 239 334 | 223 982 | 196 587 |
| Ученички | 115 705 | 108 324 | 95 134 |
| Ученици | 123 629 | 115 658 | 101 453 |
| Број на наставници | 13 894 | 15 583 | 17 524 |
| Жени | 8 028 | 9 756 | 11 701 |
| Мажи | 5 866 | 5 827 | 5 823 |

| Средно образование | | | |
|---|---|---|---|
| Број на средни училишта [2)] | 101 | 111 | 119 |
| Ученици во средното образование | 95 950 | 95 109 | 90 406 |
| Ученички | 45 912 | 44 449 | 43 059 |
| Ученици | 50 038 | 50 660 | 47 347 |
| Број на наставници | 5 877 | 6 554 | 7 514 |
| Жени | 3 206 | 3 737 | 4 341 |
| Мажи | 2 671 | 2 817 | 3 173 |

| Високо образование | | | |
|---|---|---|---|
| Запишани студенти | 45 624 | 64 254 | 56 906 |
| Жени | 25 621 | 34 170 | 31 005 |
| Мажи | 20 003 | 30 084 | 25 901 |
| Број на наставници [3)] | 1 519 | 2 028 | 2 207 |
| Жени | 523 | 730 | 914 |
| Мажи | 996 | 1 298 | 1 293 |

## 2. ВИЗИЈА И МИСИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

### 2.1. Визија на Стратегијата

Визијата упатува на крајната цел што треба да се постигне и одржува преку создавање на услови за подобрување на постојните демографски трендови, кои директно и индиректно влијаат на демографскиот развој во Република Македонија.

### 2.2 Мисија на Стратегијата

Со оваа стратегија сакаме да постигнеме подобрување на постојните демографски трендови во Република Македонија, преку спроведување на долгорочни политики и подрачја на делување кои директно и индиректно влијаат на демографскиот развој.

Министерството за труд и социјална политика, во меѓусебна координација со другите надлежни министерства и други институции, преку акциски планови, политики и програми, ќе создадат услови за подобрување на постојните состојби во демографскиот развој на земјата и создавање на долгорочни можности за реализација и ефекти од истите.

### 2.3 Принципи на Стратегијата

Успешното спроведување на Стратегијата бара придржување до принципи со кои ќе овозможи и гарантира ефикасно спроведување на истата.
Принципи на Стратегијата се:

- **Почитување на човековите права** во согласност со меѓународните конвенции и планови за акција,вклучувајќи ги и правата на еднаквост, недискриминација,право на слободно одлучување, право на еднаков пристап, право на слобода на информираност.

- **Сигурност** во одржување на континуитетот на политиките и мерките предвидени со стратегијата за демографски политики

- **Доследност во** обезбедување на координација и меѓусебна посветеност при реализација на приоритетите на Стратегијата
- **Трајност на резултатите** преку остварување на поставените приоритети и цели и успешно реализираните акциски планови, со што ќе се овозможи континуираност и долготрајност на постигнатите резултати.
- **Континуите**т во остарување на приоритетите и целите

## 1. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ПОЛИТИКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Главна стратешка цел е подобрување на постојните демографски трендови во Република Македонија, преку спроведување на долгорочни политики и подрачја на делување, кои директно и индиректно ќе влијаат на демографскиот развој во Република Македонија**

### 3.1. ПОДРАЧЈА НА ДЕЛУВАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ТРЕНДОВИ

1. Семејни политики
2. Миграциски политики
3. Политики за активно стареење и меѓугенерациска солидарност

### 3.1.1. СЕМЕЈНИ ПОЛИТИКИ

Во согледувањето на состојбите и во предлагањето на дел од мерките во овој дел се имаа предвид оценките и предлозите содржани во „Стратегијата за семејство на Република Македонија", изготвена од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во мај 2013 година.

Стратегијата за семејство, сама по себе, претставува заокружена целина со насоки на дејствување и градење на конзистентна политика во однос на сите релевантни аспекти на семејството и е во согласнот со актуелните документи за демографски развој на населението на Република Македонија. Стратегијата за семејство е инкорпорирана во Стратегијата за демографски развој на Република Македонија. Семејните политики ќе се спроведуваат преку создавање на рамка за имплементирање и следење на програми насочени кон поддршка на младите лица за создавање на предуслови за брак и семејство, одговорно родителство, зголемување на негата и грижата за децата, унапредување на помошта на семејствата и нивните членови, усогласување на семејниот со професионалниот живот, промовирање на родовата еднаквост и унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, во контекст на планирање на семејството.

<u>**Приоритети**</u>

1. **Поддршка и афирмација на младите за создавање предуслови за брак и семејство**
2. **Политики за усогласување на родителството и професионалната работа**
3. **Подобрување на сексуалното и репродуктивното здравје за унапредување на условите за планирање на семејството**
4. **Политики за подобрување на условите за нега, грижата, раст и развојот на децата**
5. **Политики за материјална и нематеријална помош и поддршка на семејствата**
6. **Промоција на семејните вредности**

1. **<u>Поддршка и афирмација на младите за создавање на предуслови за брак и семејство</u>**

- Зголемување на економските и социјалните можности на младите кои живеат во сиромашни средини

- Зголемување на поддршката на постојаните активности и следење на остварувањата за намалување на невработеноста на младите лица

- Поттикнување на вработувањето на младите лица во рамките на активните политики за намалување на невработеноста

- Поттикнување и стимулирање на сите форми на вработување, самовработување и претприемништво на младите лица

- Следење на постојните и охрабрување за воведување на нови политики и активности за обезбедување на работа на млади лица промовирање на политики за давање посебен приоритет во креирањето на политиките за намалување на долгорочната невработеност на младите и жените

- Анализа со препораки за зајакнување на постојаните програми и политики во насока на олеснување на решавањето на проблемот со домувањето, со посебен акцент кон младите лица преку создавање на можности за олеснување на кредитирањето за купување на стан или куќа и финасиски стиумулации - субвенции и определување на форма за субвенционирање на домување.

- Подобрување на условите за живот на млади брачни парови со анализа со препораки за воведување на финасиски стиумулации - субвенции и определување на форма за субвенционирање на домување на младите брачни парови

- Следење и континуирано создавање на можности за намалување на трошоците за одгледување на деца преку даночни олеснувања и поволности

➢ **<u>Поттикнување на одговорно родителство</u>**

- Постојано развивање на мрежата на советувалишта за брак и семејство

- Подобрување и доследно имплементирање на законските одредби во однос на малолетничките бракови

- Проширување на мрежата на едукативни центри за родителите и зајакнување на нивната улога

➢ **<u>Промовирање на родова еднаквост во семејството</u>**

- Поддршка и следење на активностите за намалување на невработеноста на жената и нејзино вработување

- Стимулирање на жената за дооформување на образованието и стручното оспособување

- Поддршка на постојаните активности и воведување на нови за превенција на раното напуштање на школувањето на девојчињата

- Поддршка на програмите за елиминирање на родовите стереотипи, за улогата на жените и на мажите во општеството

- Создавање услови за отстранување на сите форми на дискриминација кон женските деца и преференции на машките деца, кои резултираат со штетни и неетички практики во однос на пренаталната селекција на полот

- Унапредување на поделбата на одговорностите на жената и на грижата за нивните деца и членовите на семејството, во насока на постигнување целосна рамноправна распределба на одговорностите во семејството и опшетството

➢ <u>**Отстранување на сите форми на семејно насилство**</u>

- Следење на доследноста во примената на Националната стратегија за заштита од семејното насилство, како што е рано откривање, пријавување и интервенција на сите форми на насилство, заштита на жртвите, соодветни казни за сторителите и др.

- Промовирање и следење на имплементацијата на законската регулатива и другите законски акти со кои се превенира и спречува семејното насилство

- Спроведување на кампањи за подинување на јавната свест.

2. <u>**Усогласување на родителството и професионалната работа**</u>

- Поддршка на постојните активности и проширување на можноста за користење на отсуство за грижа и раст и развој на детето од страна и на таткото, односно посвоителот на детето

- Анализа на модели за воведување на флексибилно работно време по позитивни примери од други земји
- Анализа на моделите на право на родителско отсуство (координација и дефинирање на протоколи и акти за делување)
- Надградба на системот на вонинституционални и алтерантивни форми на згрижување на деца на локално ниво
- Континуирано мапирање на потребата на капацитети од згрижување и нега на деца од предучилишна возраст, за создавање реални можности за згрижување на децата
- Следење и унапредување на протоколите за подобрување на условите на работното место и работниот процес на жената која планира семејство
- Анализа на модели на скратено работно време – part-time jobs, за вработени мајки при одгледување и грижа за мали деца

3. <u>**Подобрување на сексуалното и репродуктивното здравје за унапредување на условите за планирање на семејството**</u>

- Развивање и унапредување на системот за планирање на семејството
- Зголемување на покриеноста и одржливоста на здраствените служби за репродуктивно здравје и планирање на семејството, особено во руралните средини

- Обезбедување на достапност на соодветни услуги за репродуктивно здравје и планирање на семејството за лица во социјален ризик и други ранливи групи, со цел да се овозможи пристап до информациите и услугите

- Развивање и унапредување на системот  на мрежи на советувалишта за репродуктивно здравје кај младите

- Унапредување на системот  за помош на брачни парови кои се лекуваат од неплодност

- Унапредување на квалитетот на здравствената заштита и употреба на современа медицинска технологија во третманот на инфертилитетот

- Следење на имплементацијата на активностите, согласно со донесената Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје (промоција на модерните средства за контрацепција, остварување на подобра контрола на полово преносливи болести и сл.)

**3.1 Обезбедување на пристап и достапност на квалитетни услуги за одржување на пренаталната, интернаталната и постнаталната грижа за мајката**

- Имплементација на активностите од Стратегијата за безбедно мајчинство

- Министерството за здравство во соработка со Фондот за здравствено осигурување да спроведува промотивни активности за  информирање на јавноста и кампањи за мотивирање за потребата од континуирани  антенатални прегледи на бремените жени.

- Следење на бременоста, согласно со донесените протоколи

- Целосно спроведување на електронско водење на мајчинска книшка, задолжително за матичните гинеколози.

- Зајакнување на улогата на Центарот за хумана репродукција, со анализа на електронски доставени податоци од породилишта,  теренски посети по породилишта и давање на совети и препораки.
- Зајакнување на услугите од страна на поливалентната патронажна служба, особено во руралните средини

- Обезбедување на висококвалитетни здравствени услуги во породилиштата, согласно со донесените протоколи

- Едукација и промоција на потребата за избор на матичен гинеколог

- Поддршка за семејствата во случај на неплодност,  преку изработка на бихевиоријална студија за ХИВ/СИДА и сексуално и репродуктивно здравје меѓу младите, со цел откривање на причините за зголемување на стапките на инфертилитет

- Анализа на состојбата на стерилитет и дефинирање на мерки за справување со високите стапки на стерилитет

- Спроведување на истражување за достапноста на услугите за репродуктивно здравје со акцент на ранливите групи и утврдување на модел/пристап и буџетско планирање за обезбедување на услуги за семејно планирање, репродуктивно здравје, антенатална грижа, здрава бременост и безбедно мајчинство

- Доделување на специјализации по гинекологија и спроведување на анализа за обезбедување на рамномерна географска распределба на гинеколошки услуги низ територијата на Македонија

- Вклучување на здравствените работници од Примарната здравствена заштита (семејните лекари и патронажни сестри) и ромски здравствени медијатори во давање на дел од услугите поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје (советување за семејно планирање, безбедно сексуално однесување)

4. **<u>Подобрување на условите за нега, грижата, раст и развојот на децата</u>**

**4.1 Унапредување на социјалната и здравствената грижа за децата**

- Јакнење на улогата на примарната здравствена заштита со акцент на руралните средини

- Обезбедување на стимулативни мерки за поттикнување на здраствените работници да работат во сиромашните заедници и руралните средини

- Користење на квалитетни здраствени услуги во согласност со модерните стандарди за здраствена заштита

- Зајакнување на интерсекторската соработка на образовниот и социјалниот сектор заради обезбедување на интегриран и холистички пристап во промоција на детското и адолесцентното здравје

- Зајакнување на системот на превенција кај матичниот лекар за рано откривање на заболувања и состојби на детска возраст (како што се дебелината кај децата, дијабетисот, астмата, повредите и голем број на други здраствени состојби)

- Поддршка на имплементацијата на Стратегијата за имунизација

- Процена на ризик-факторите и нивото на експозиција на децата на токсини во надворешната средина (аерозагадување и други фактори) и примена на мерки за унапредување на животната средина

- Поддршка на активностите содржани во Стратегијата за сексуално и репродуктивно здравје, во делот за репродуктивно здравје на младите

5. **<u>Материјалната помош и нематеријалната помош и поддршка на семејствата</u>**

- Унапредување на можностите за поволни кредити на младите брачни парови
- Подобрување на постоечката и изградба на нова инфраструктура за семејствата од ранливите групи во руралните средини и субурбаните делови во градовите

- Поддршка на постојаните и иницирање на нови активности за унапредување на условите за живеење во индивидуални станбени едининици

- Следење на индикаторите на сиромаштија на семејствата и унапредување на постојните програмски активности за дејствување

- Поддршка на постојаните и иницирање на нови активности за обезбедување услови за еднаков и квалитетен пристап, задржување и завршување на образованието

- Дефинирање и создавање услови за поддршка на инвестиции и вработување во рурални средини

- Воведување и развивање на нови услуги од социјалната заштита на локално ниво
- Континуирано унапредување на системот на згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст

6. **<u>Подобрување на информираноста и знаењето за семејството и промовирање на позитивните вредности на семејниот живот преку</u>**

- Збогатување на наставните планови и програми на сите нивоа на образование со содржини кои се однесуваат на семејството
- Збогатување на програмите во Јавните установи за згрижување на деца од предучилишна возраст со содржини кои се однесуваат на семејството
- Воведување на програми од областа на семејството во високообразовните институции за стручно усовршување на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и други лица кои работат со децата, младите и родителите
- Воведување на други форми за развивање на компетенциите и вештините на воспитувачите, стручните работници и стручните соработници, за работа со децата на предучилишна возраст
- Воведување нови начини за издавање на информативен и едукативен материјал кој се однесува на семејството
- Зголемување на медиумската покриеност за промовирање на семејните вредности
- Поттикнување научни истражувања за семејството
- Промовирање и водење на кампањи за информирање на населението за значајни прашања што се однесуваат на семејството, со учество на граѓанскиот сектор во промоција на темите за семејството
- Активна вклученост на единиците на локална самоуправа за спроведување на приоритетите на Стратегијата

### 3.1.2 МИГРАЦИСКИ ПОЛИТИКИ

**Приоритети**

1. **Достапност на релевантни податоци за миграциите**
2. **Намалување на емиграцијата**
3. **Воспоставување на соработка со дијаспората и искористување на нивните развојни потенцијали**
4. **Поттикнување на повратните миграциски текови**

1. **<u>Достапност на релевантни податоци за миграциите</u>**

- Унапредување на статистиките за внатрешни и надворешни миграции

- Воспоставување на релевантни статистики од домашни извори за граѓаните на Република Македонија, кои заминуваат од земјата и за оние кои престојуваат во странство, циркуларната миграција и повратниците

- Креирање на нови и ажурирање на постојните бази на податоци за граѓаните на РМ во странство - вкупно и за одделни категории (научници и стручњаци, бизнисмени, медицински кадар, уметници)

- Унапредување на системот за прибирање на статистички податоци во согласност со ЕУ законодавството

2. **<u>Намалување на емиграцијата</u>**

- Порамномерен регионален развој за намалување на внатрешните миграции, првенствено кон Град Скопје, и поголемите градови во земјата

- Согледување на миграцискиот потенцијал (вкупно и во однос на одделни категории на македонски граѓани), со идентификување на причините за изразените миграциски намери

- Намалување на интензитетот на трајната емиграција на македонските граѓани во странство

- Намалување на емиграцијата на младите високо образовани кадри и талентите, која претставува „одлив на мозоци" (brain drain)

- Поголема застапеност на привремената миграција и циркулацијата на работната сила

3. **<u>Воспоставување на соработка со дијаспората и искористување на нивните развојни потенцијали</u>**

- Зајакнување на инфраструктурата за прилив на девизните дознаки преку формалните канали и создавање на можности за нивно попродуктивно користење

- Пронаоѓање и привлекување на инвеститори од граѓаните на Република Македонија во странство (дијаспората)

- Трансфер на човечки капитал

- Зголемување на информираноста и поддршката на членовите на семејствата на мигрантите во земјата

4. **<u>Поттикнување на повратните миграциски текови</u>**

- Создавање на поповолни услови за повратни токови од поголемите градови кон другите подрачја на земјата

- Согледување на обемот и особеностите на повратниците од странство и причините за ремиграција

- Воспоставување на соработка со граѓаните на РМ во странство, особено на младите високообразовани кадри и создавање на претпоставки за нивно враќање

- Создавање на поволни услови за инвестирање на повратниците и воспоставување на различни форми на соработка за трансфер на нивните знаења и претприемнички вештини

### 3.1.3 ПОЛИТИКИ ЗА АКТИВНО СТАРЕЕЊЕ И МЕЃУНЕРАЦИСКАТА СОЛИДАРНОСТ

**Приоритети**

**1.Подобрени здравствени и социјални услуги**

**2. Доближување на јавните услуги до постарите лица**

**3.Обезбедување на предуслови за доживотно учење, активно стареење и меѓугенерациска солидарност:**

1. **Подобрени здравствени и социјални услуги**

- Упростување на процедурите и постапките за остварување на здравствените и социјалните права и услуги наменети за постарите лица
- Поголема пристапност до здравствените и социјалните права и услуги со акцент на руралните средини
- Анализа на состојбите на јавните здравствени установи кои не се доволно искористени, со цел нивна преадаптација и искористување на истите во функција за нега и грижа за постарите лица
- Зголемување на капацитетите за сместување на стари лица
- Напредување на законската регулатива за поттикнување на домашните и странските инвестиции во градење на капацитети за згрижување на стари лица на локално ниво
- Унапредување на вонинституционалните форми на заштита (дневни центри и центри за давање помош во домашни услови и други форми за грижа и нега на стари лица во домашни услови, советувалишта и др.)
- Поврзување на програмите за образование на возрасни (обуки за асистенти за нега и грижа на постари лица) со активните мерки на АВРМ
- Унапредување на нормативите и стандардите за основање на установи за социјална заштита за стари лица
- Анализа со препораки за усогласување на законските рокови за регулативи кои се однесуваат на постарите лица

2. **Доближување на јавните услуги до постарите лица**

- мапирање на севкупните потреби на старите лица за јавни услуги
- зајакнување на соработката со владините институции, граѓанскиот сектор и локалната самоуправа за давање на јавните услуги, прилагодени на потребите на возрасните лица на локално ниво
- обезбедување на постојаната грижа за старите лица и давање на здраствени услуги во домашни услови
- промоција на здраствените и социјалните програми и услуги, наменети за старото население, особено во руралните средини и недостапни подрачја
- промовирање на идејата за развивање на услужни дејности за старите лица
- подобрување на квалитетот на живот на старите лица кои живеат во специјализирани установи

- воведување на обука на кадар за работа со стари лица, за различни видови на услуги и активности, во сите насоки и нивоа на специјализација

3. <u>**Обезбедување на предуслови за доживотно учење, активно стареење и меѓугенерациска солидарност**</u>

- Промовирање на концептот на активно стареење
- Интегрирање и промовирање на процесот за активно стареење во наставните програми во основното, средното и високото образование
- Зголемена достапност на информациите наменети за постарите лица, во однос на начинот за остварување на социјалните и здравствени услуги и права (кампањи, промотивни материјали, трибини, работилници)
- Промоција на можностите за вклучување на постарите лица во процесот на волонтерво и нивно активно вклучување во општествените текови, со цел развивање на модел на волонтерско ангажирање на возрасните лица
- Развивање на форми за вклучување на младите во волонтерските активности за градење меѓугенерациска солидарност во заедницата
- Поддршка на проектите за грижа за постарите лица
- Активна промоција на меѓугенерациската солидарност, со поддршка на различни чинители во општеството

## 4. СПРОВЕДУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ДЕМОГРАФСКИ ПОЛИТИКИ

### 4.1. Спроведување и следење на Стратегијата

Министерството за труд и социјална политика, е носител на Стратегијата и одговорно за креирање и спроведување на националната демографска политика, во соработка со другите ресорни министерства и надлежни институции и во согласност со другите национални стратешки документи. Со воспоставување на ефикасен систем на меѓуресорско координирање помеѓу Министерството за труд и социјална политика и другите министерства и надлежни институции, ќе се имплементираат предвидените мерките и политики со годишна динамика на планирање и обезбедување на средства, според програмските цели за остварување на истите.

При проведување на Стратегијата, неопходна е добра координација меѓу основните носители на приоритетите и стратешките цели и ресорните министерства, за усогласување на меѓусебните програми и активности кои можат да имаат влијание врз демографскиот развој.Притоа, целта е при имплементација на ресорните програми, да се постигнат поголеми резултати што ќе придонесе за реализација на целите од Стратегијата за демографски политики. Надлежни институции за реализација на Стратегијата за демографски политики на Република Македонија се [32]:

- Министерството за труд и социјална политика
- Министерството за образование и наука
- Министерството за здравство
- Министерството за транспорт и врски
- Министерството за финансии
- Министерство за внатрешни работи

---

[32] Шематски приказ на институционалната рамка за спроведување на Стратегијата за демографски развој на Република Македонија е даден во Слика 1.

- Министерството за локална самоуправа
- Државниот завод за статистика
- Бирото за регионален развој
- Агенцијата за иселеништво
- Агенцијата за млади и спорт на РМ
- ПИОМ
- ФЗОМ
- Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ
- АВРМ

**Слика бр.1: Институционалана рамка за спроведување на Стратегијата за демографски политики на Република Македонија**




Предложените подрачја на делување и приоритети од Стратегија, ќе се разработат во планови за акција и посебни програми, кои ќе бидат разработени со конкретни мерки и активности на делување, со јасно дефинирана институционална одговорност, временски план за спроведување, потребни финансиски ресурси и извори на обезбедување на средствата. Дел од предложените мерки континуирано се имплементираат по одделни програмии и надлежни институции и истите ќе продолжат да се реализираат во наредниот период согласно овој стратешки документ.

Спроведувањето на Стратегијата, ќе се базира на интегриран пристап кон демографскиот развој со јасно дефинирани надлежности во однос на трите подрачја на делување од Стратегијата (семејни политики, миграциски политики и политики за активно стареење и меѓугенерациска солидарност). Во рамките на Министерството за труд и социјална политика, ќе се воспостави организациона единица за развој и евалуација на демографските политики, и меѓуресорска координација со другите ресорни министерства и надлежни институции, во имплементирањето на истите и статусот на имплементирање и следење на нивната делотворност.

**Во функција на обезбедување на ефикасност на имплементацијата на Стратегијата, два пати годишно ќе се прави оценка на спроведувањето на мерките и активностите од Стратегијата и за истото ќе се доставуваат квартални извештаи до Владата на Република Македонија. Во случај на одредени отстапувања од планираното, ќе се пристапи кон ревизија на целите, активностите и начинот на нивна реализација.**